РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCATE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ / BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
Бр.Nr. 01-256/2
22.12.2022 год.
СКОПЈЕ / SHKUP

Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.143/19 и 14/20) согласно член 22 од Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.11/2015 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.217/21 и 159/22), директорот на Бирото за јавни набавки донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Бирото за јавни набавки

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на Бирото за јавни набавки бр. 01-256/1 од 17.02.2022 година и тоа

### Член 2

Во глава II. Организациони единици во Бирото за јавни набавки и нивниот делокруг на работа, во член 3, став 1 точка 3, во алинеја 2 се врши измена во називот на ооделението и гласи:

-Одделение за претходно мислење и управна контрола според проценка на ризик и случаен избор.

### Член 3

Во глава II. Организациони единици во Бирото за јавни набавки и нивниот делокруг на работа, во член 3, точка 3, во потточка б) називот на одделението се менува и гласи: Одделение за претходно мислење и управна контрола според проценка на ризик и случаен избор,,.

Во член 3 точка 3, потточка б) воведната реченица се менува и гласи: ,,Одделението за претходно мислење и управна контрола според проценка на ризик и случаен избор ги врши следниве работи:

[1] 01-256/2 [2022]

Во алинеја 1 по зборот „оглас“ се додаваат зборовите: „и управна контрола според проценка на ризик и случаен избор“.

Во алинеја 2 по зборот „оглас“ се додаваат зборовите: „и управна контрола според проценка на ризик и случаен избор“.

По алинејата 5 се додаваат четири нови алинеи кои гласат:

„ - спроведува управна контрола над примената на Законот за јавните набавки во постапките за јавни набавки според проценка на ризик и случаен избор;

- изготвува акти ( известување за почеток на управна контрола, контролна листа, записник од извршена управна контрола, известување од извршена управна контрола, измена на записник, одлука за неприфаќање на дополнително образложение) при вршењето управна контрола според проценка на ризик и случаен избор;

- дава интрукции за постапување на договорни органи во записниците;

- учествува при изготвување на акти поврзани со работните задачи (пр. извештаи, препораки, дописи и др.)“.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. __________ / __

__________
година

Директор

Борче Хаџиев


Директор
Државен советник за усогласување на регулативата со ЕУ и меѓународна соработка
Државен советник за развој на националниот систем за јавни набавки
Сектор за нормативна дејност, едукација и меѓународни односи
Сектор за следење на системот за јавни набавки, управување со ЕСЈН и развој на електронски алатки
Сектор за контрола
Сектор за правни и административни работи
Самостојни одделениа
Одделение за нормативна дејност
Одделение за едукација
Одделение за европски прашања и меѓународни односи
Одделение за анализа на системот за јавни набавки
Одделение за унапредување и развој на ЕСЈН, електронски каталози и електронски пазар на набавки од мала вредност
Одделение за управување со ЕСЈН и грижа на корисници
Одделение за управна контрола
Одделение за претходно мислење и управна контрола според проценка на ризик и случаен избор
Одделение правни работи и прекршочни постапки
Одделение за административни работи
Одделение за управување со човечки ресурси
Одделение за финансиски прашања